**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1203-185/7**

**Скопје, 22.06. 2009 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Василево за 2008 година, кои се прикажани на страните 7 и 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Василево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Славе Христов, градоначалник на општина Василево во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 04.03. до 11.03.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и одредени прифатени корекции во текот на ревизијата.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

Општина Василево нема воспоставено интерни контроли во процесите на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината поради што е утврдено постоење на ризик од нецелосно и неточно утврдување на приходите. Општо, за сите приходи е утврдено дека:

- не се воспоставени пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите при утврдувањето и контролата на пресметките за утврдување на даноците на имот и на специфични услуги на сите вработени во организациони единици на општинската администрација вклучени во утврдувањето и наплатата на приходите,
- Општината нема раководител на Одделението за финансии, буџет, даноци, такси и локален економски развој, така што не се врши контрола, односно не постои поделба на надлежностите (сите фази во постапката по одделни даноци ги врши едно лице), и
- не се врши усогласување на состојбата на регистрите што се водат во Општината со регистрите кои ги водат надлежните државни институции.

Работните задачи во Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Василево се утврдени воопштено, не постои јасно разграничување на надлежностите и одговорностите, така што не обезбедуваат функционирање на системот на интерни контроли.

Поради утврдените ризици, ревизијата изврши испитување на системот на интерните контроли утврдувајќи ги ризиците и клучните контроли кај следните процеси: утрвдување и наплата на данокот на имот, наследство и подарок, данокот на промет на недвижности, комунална такса за фирма и надоместок за уредување на градежно земјиште. Покрај општите недостатоци за одделните видови приходи е утврдено следното:

10.1.1. Процес на утврдување и наплата на данокот на имот

- решенијата за данок на имот се изготвени по законскиот рок, што придонесува за ненавремена наплата на данокот на имот;
- не се врши ажурирање на базата на податоци по настанатите промени од склучени договори за промет на недвижности и наследство и подарок.

Ненавременото утврдување на даночните обврски и делумно преземање мерки за присилна наплата на даночниот долг (доставување само на опомени), придонесува за постоење ризик од помалку и ненавремено наплатени приходи и ограничување на планираните активности на Општината.

10.1.2. Процес на утврдување и наплата на данокот на промет на недвижности, наследство и подарок

- записникот за утврдување на пазарната вредност на имотот е потпишан само од претседателот на комисијата,
- цените за утврдување на пазарната вредност на земјиштето на територија на општина Василево не се усвоени од Советот на Општината.

Пазарната вредност на земјиштето се утврдува врз основа на Ценовник (Записник) за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на територија на општина Василево кој е во примена од јануари.2008 година, изготвен од комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот. Записникот не е усвоен од Советот на општината како надлежен орган за утврдување на висината на даночните стапки и надоместоци врз основа на што општината ги утврдува своите изворни приходи.
Утврдувањето на пазарната вредност на земјиштето врз основа на акт донесен од ненадлежен орган, може да придонесе за нееднаква примена на утврдените вредности.

10.1.3. Комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија

- решенијата за комунална такса за фирма за 2008 година се изготвени врз основа на неавторизирани податоци, односно не е воспоставена авторизирана облогателна листа со утврдени обврзници за плаќање на комунална такса за фирма и потврдена од Градоначалникот на Општината,
- не е извршено усогласување на регистарот на обврзници за комуналната такса за фирма за 2008 година, со податоците од Централниот регистар и Управата за јавни приходи,
- на крајот на годината во даночно книговодство не се генерира листа на заостанат долг по обврзници и вкупно (не постои програмска можност), така што не е воспоставено усогласување помеѓу даночното и финансиското сметководство.

Пресметувањето на комуналната такса за фирма е правилно утврдено согласно Законот за комунални такси и Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси донесена од Советот на општина Василево, меѓутоа, постои несигурност за комплетноста на податоците, соодветно на тоа и на целосноста на приходите по овој основ.

10.1.4. Надоместок за уредување на градежно земјиште

Основот за пресметка на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се темели на Законот за градежно земјиште и Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Василево.
Истовремено, е утврдено дека:

- не постои разграничување на надлежностите во фазата на утврдување, пресметка, контрола и наплата на приходите по овој основ.

Некомплетната евиденција на обврзниците по основ на даноци на имот и комунални такси, како и невоспоставените контролни постапки при утврдување на висината на обврските, придонесува за постоење ризик од помалку наплатени приходи во корист на Општината и ограничување на планираните активности на Општината.

**Препорака:**

Градоначалникот на општина Василево да:

- спроведе постапка за распоредување на раководител на одделение за финансии, буџет, даноци, такси и локален економски развој, и
- да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите при утврдување и пресметки на даноците на имот и на специфични услуги на сите вработени во општинската администрација вклучени во утврдувањето и наплатата на даноците, со посебна нагласка на контролата на сите чекори во постапката.

Одделението за финансии, Буџет, даноци, такси и локален економски развој во општина Василево:

- да изврши усогласување на регистарот на обврзници на данок на имот со податоците на Агенцијата за катастар на недвижности;
- да изврши усогласување на базата на податоците за обврзниците на комунална такса за фирма со податоците од Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи;
- пред изготвувањето на поединечните даночни решенија за данок на имот и за комунална такса за фирма да изготвува авторизирани облагателни листи (потврдени од задолжените лица, раководителот на одделението и градоначалникот);

Одделението за нормативно-правни работи и јавни дејности:

- да преземе мерки за наплата на даночниот долг со оглед на утврдените рокови за застареност.

Советот на Општината да донесе акт за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на територија на општина Василево.

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. Не е извршено усогласување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Василево за 2008 година со измените во Законот за градење донесени во јули 2008 година во делот во кој е регулирано издавањето на одобрение за градба. Согласно Програмата, Градоначалникот на Општината, може поединечно со Решение да одобри износот на надоместокот за уредување на градежното земјиште да се плати на рати во зависност од висината на надоместокот и оценката за важноста на објектот. Меѓутоа, со измените во Законот за градење е децидно уредено дека без платен надоместок за уредување на градежно земјиште органот не може да издаде одобрение за градење, односно инвеститорот надоместокот го плаќа во текот на постапката на издавање на одобрение за градење.
По влегувањето во сила на измените во Законот, издадени се одобренија за градба без целосно платен надоместок за уредување на градежно земјиште во износ од 1,205 илјади денари. За овој износ помалку се остварени приходи во Општината, што се одразува на динамиката на спроведувањето на надлежностите на Општината во сферата на комуналното уредување.
Одобрувањето плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати во Општината се објаснува со поголема заинтересираност на инвеститорите за градба на објекти.
Можност за плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште на рати е дадена и во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Василево за 2009 година.

10.2.2. При плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште на рати не е извршено обезбедување на плаќањето со инструменти за плаќање, така што, во значителен дел обврските од страна на инвеститорите не се извршени, ниту пак,

Општината има преземено мерки за наплата на ненавремено платениот долг. На крајот на 2008 година неплатените втасани обврски по основ на надоместок за уредување на градежното земјиште изнесуваат 2,357 илјади денари, што претставува помалку остварен приход во 2008 година.

**Препорака:**

Советот на општина Василево да:
- ја усогласи Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Василево за 2009 година со Законот за градење;
- утврди реална вредност на надоместокот за уредување на градежното земјиште која ќе обезбеди покривање на вкупните трошоци за уредување на градежното земјиште.

Градоначалникот на општина Василево да:
- ја укине воспоставената пракса за одобрување плаќање на рати на надоместокот за уредување на градежно земјиште;
- преземе активности за наплата на неплатениот долг по основ на надоместокот за уредување на градежно земјиште.

10.2.3. Пазарната вредноста на дворното место на индивидуалните куќи утврдено со пописот на недвижниот имот во Општината не е вклучена во даночната основа при утврдувањето на данокот на имот, што не е во согласност со Законот за даноци на имот и Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и влијае на намалување на приходите на Општината.

**Препорака:**
Одделението за финансии, буџет, даноци, такси и локален економски развој во вредноста на даночната основа да ја вклучува вредноста на дворното место.

10.2.4. Склучен е договор за плаќање на рати на даночен долг утврден по основ на данок на промет на недвижен имот, без при тоа да бидат обезбедени инструменти за обезбедување на плаќање, што не е во согласност со Законот за даноци на имот. Необезбеденоста на даночната обврска со инструменти за обезбедување на плаќање може да влијае на остварување на помали приходи на Општината, што се потврдува со фактот дека до денот на ревизијата даночниот долг не е платен.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината доколку овозможи плаќање на даночна обврска на рати, да обезбеди од даночниот обврзник инструмент за обезбедување на плаќање.

10.2.5. Општина Василево во Буџетот за 2008 година има планирано приходи и расходи во износ од 37,019 илјади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 28,066 илјади денари и расходи во износ од 25,190 илјади денари, односно остварен е вишок на приходи во износ од 2,876 илјади денари. Реализираните приходи се под планираниот износ за 24%, а расходите за 32%. Согласно законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот. Во 2008 година не е извршен ребаланс на буџетот. Неусогласеноста на остварените буџетски приходи и расходи со планираните дава можност за преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредната фискална година,

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.2.1. до 10.2.4. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Василево на ден 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислењето за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на Органот на општина Василево.

13. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата во Билансот на состојбата е зголемување на побарувањата и пасивните временски разграничувања за 60 илјади денари.

Скопје 18.06.2009 година — Овластен Државен Ревизор

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 11,340 | 6,543 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 1,212 | 1,096 |
| Капитални приходи | 3.3. | 2,367 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 13,147 | 11,823 |
| **Вкупно приходи** | | **28,066** | **19,462** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 7,797 | 6,208 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 7,490 | 6,533 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 2,296 | 577 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 0 | 46 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **17,583** | **13,364** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 7,607 | 5,523 |
| **Вкупно расходи** | | **25,190** | **18,887** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **2,876** | **575** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 2,876 | 575 |
| Побарувања | 4.1.2. | 14,243 | 9,367 |
| **Вкупно тековни средства** | | **17,119** | **9,942** |
| **Вкупна актива** | | **17,119** | **9,942** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 17,119 | 9,942 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **17,119** | **9,942** |
| **Вкупна пасива** | | **17,119** | **9,942** |